


БИЛТЕН

БРОЈ 15/26

09.09.2026 година

Р Е Ф Е Р А Т
за избор на асистент од област „Маркетинг (5.02.00.05 - Фраскатиева класификација)“ на Факултет за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер“ на ден 18.05.2026 година, за избор на асистент од област „Маркетинг“ (5.02.00.05 - Фраскатиева класификација), наставно научниот совет на Факултетот за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, на 379-та седница одржана на ден 14.07.2026 година, донесе Одлука Бр. 02-520/2 за формирање на рецензиона комисија за избор во соработничко звање – асистент, во следниот состав:

1. Проф. д-р. Билјана Андреска – Богдановска – претседател
2. Проф. д-р Ленче Петреска – член
3. Проф. д-р Ристе Темјановски – член

По направената анализа на доставените документи согласно објавениот конкурс рецензионата комисија има чест и задоволство, на наставно научниот совет на Факултет за економски науки во состав на Европски универзитет Скопје, да го поднесе следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор во соработничко звање – асистент од областа „Маркетинг“ (5.02.00.05 - Фраскатиева класификација) – на Факултетот за економски науки, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Владимир Грујовски.

Врз основ на доставената Пријава бр. 03-395/2 од 22.05.2026 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Уверение за завршен прв циклус, студии, Уверение за завршен втор циклус студии, Диплома за стекнат степен/назив магистер на науки од соодветната област, доказ за познавање на странски јазик, Список на објавени научни и стручни трудови, Рецензионата комисија го констатира следното:

1.1 Биографски податоци

Кандидатот, м-р Владимир Грујовски, е роден на 27.09.1986 година во Скопје. Средното гимназиско образование, природно-математички смер, го завршува во Скопје. По

завршувањето на средното образование, се запишува на Факултетот за правно-политички науки, на насоката Дипломатија и меѓународна политика, а подоцна се запишува и на Факултетот за економија и организација на претприемништвото, на насоката Менаџмент и претприемништво, кој го завршува со просечна оценка 8,78.

м-р Владимир Грујовски магистрира на Европскиот универзитет – Скопје, на Факултетот за економски науки, со просечна оценка 8,93, на тема „Современи аспекти на маркетинг стратегиите во малиот бизнис“, под менторство на Проф. д-р Савица Димитриевска, со што, по успешно одбранетиот магистерски труд, се стекнува со титулата магистер по економија. Во 2023 година се запишува на докторски студии по економија на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, кои во моментот се во завршна фаза.

1.2 Професионална и научна дејност

Професионалниот и научниот развој на м-р Владимир Грујовски се карактеризира со континуирано стекнување, надградување и примена на знаења, вештини и професионални компетенции во повеќе меѓусебно поврзани области, со особен фокус на маркетингот и комуникациите, истражувањето и анализата, односите со јавноста, менаџментот, едукацијата, како и на реализацијата и поддршката на проектни активности. Разновидноста на неговиот професионален ангажман, проследена со постепено преземање на посложени и одговорни работни задачи, претставува значајна основа за неговото континуирано професионално усовршување и академско профилирање.

Своето професионално искуство м-р Владимир Грујовски го започнува во Институт ПРОГРЕС – Скопје, во Секторот за истражување и анализа, каде што бил ангажиран на задачи поврзани со планирање, собирање и обработка на информации од јавен карактер од државните институции на Република Северна Македонија, согласно утврдена методологија и постапка, во согласност со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за потребите на проект на Институт ПРОГРЕС – Скопје. Овој професионален ангажман претставува значаен почетен сегмент во неговиот кариерен развој и во стекнувањето искуства од областа на истражувањето, анализата и систематското обработување на релевантни информации.

Професионалниот развој го продолжува во OTTIMO Handmade, во секторот за маркетинг и односи со јавност, каде што бил ангажиран како консултант за маркетинг и односи со јавност. Во рамките на оваа позиција, неговиот ангажман бил насочен кон примена на маркетинг-концепти и комуникациски пристапи во функција на унапредување на деловните активности и развивање соодветни стратегии за односи со јавноста. Овој ангажман претставува дополнителна можност за практична примена на стекнатите знаења и нивно поврзување со конкретни деловни и комуникациски процеси.

Следниот значаен сегмент од неговиот професионален развој се одвива во ЕДУКОРНЕР Скопје – Центар за дополнителна едукација и тренинг, каде што бил ангажиран како менаџер-консултант во секторот за маркетинг и односи со јавност. Во рамките на истата организација, бил ангажиран и како предавач – тренер во областите на маркетингот, менаџментот, комуникациите и новите медиуми. Овој ангажман има особено значење во контекст на неговото професионално профилирање, имајќи предвид дека покрај практичната примена на знаењата, опфаќа и нивно систематизирано пренесување преку едукативен и тренинг-процес.

Подоцна своето професионалното искуство го надградува во ДНК Солутион – Маркетинг и продукција, каде што ја извршувал функцијата менаџер за маркетинг и комуникации. Во рамките на оваа позиција, неговиот професионален ангажман бил насочен кон планирање, координација и реализација на активности од областа на маркетингот и комуникациите, со што дополнително ги развива своите организациски, комуникациски и менаџерски компетенции.

Паралелно со наведениот ангажман, м-р Владимир Грујовски бил ангажиран и во MAG – Media Advertis Group, како надворешен консултант за потребите на Секторот за човечки ресурси, во делот на изборот и регрутирањето. Со овој професионален ангажман дополнително го проширува своето искуство во областа на управувањето со човечките ресурси, особено во процесите на селекција и регрутација, со што неговиот професионален профил се надополнува со искуства од областа на човечкиот капитал и организацискиот развој.

Во НОВАКО ДООЕЛ Скопје бил ангажиран како надворешен консултант за маркетинг и комуникации, со професионален ангажман во организацијата на настанот по повод одбележувањето на 10 години од основањето на оваа компанија. Овој ангажман претставува дополнување на неговото професионално искуство во областа на организацијата на настани, маркетингот и корпоративните комуникации, како и во примената на соодветни комуникациски стратегии во деловен контекст.

М-р Владимир Грујовски бил професионално ангажиран во Државниот пазарен инспекторат на Република Северна Македонија, на позицијата стручен соработник за комуникација со државните институции и невладините организации за потребите на Државниот пазарен инспекторат на Република Северна Македонија. Со овој професионален ангажман неговото искуство дополнително се проширува во доменот на институционалната комуникација, меѓуинституционалната соработка и воспоставувањето и одржувањето комуникација со релевантни државни и невладини организации.

Особено значаен сегмент од неговиот професионален развој претставува ангажманот, во рамките на Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) и Проектот за енергетска ефикасност, финансирани преку Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка. Во рамките на овие проектни активности, м-р Владимир Грујовски е ангажиран како комуникациски аналитичар, со задолженија во областа на односите со јавноста и промоцијата. Неговото учество во овие проекти претставува значајна можност за примена и унапредување на професионалните компетенции во сложен и институционално структуриран проектен контекст. Дополнително, во рамките на Проектот за енергетска ефикасност, финансиран преку Меѓународната банка за обнова и развој – Светска банка, м-р Владимир Грујовски е ангажиран и како комуникациски аналитичар и експерт за социјални работи. Неговите професионални задолженија во оваа област опфаќаат активности поврзани со комуникацијата, социјалните аспекти и поддршката на проектните процеси, со што дополнително се проширува спектарот на неговите професионални компетенции. Во рамките на тековниот професионален ангажман, м-р Владимир Грујовски ги проширува своите професионални компетенции и како експерт за безбедност и здравје при работа. Со преземањето на овие одговорности, дополнително го надградува своето професионално искуство во повеќе меѓусебно поврзани области, при што неговиот

ангажман опфаќа комуникациски, социјални и аспекти поврзани со безбедноста и здравјето при работа.

Наведеното професионално искуство укажува на континуиран и богат кариерен развој, проследен со постепено проширување на професионалните компетенции, знаења и одговорности. Широкиот спектар на професионалните ангажмани, почнувајќи од областа на маркетингот, менаџментот, комуникациите и односите со јавноста, истражувањето и анализата, па сè до проектниот менаџмент, социјалните аспекти и безбедноста и здравјето при работа, претставува значајна основа за неговото професионално и академско профилирање.

Паралелно со професионалниот и кариерниот развој, м-р Владимир Грујовски, за време на своите постдипломски студии, како и по нивното завршување, активно се занимава со научноистражувачка дејност и објавува научни трудови и публикации во подрачјето на маркетингот и менаџментот. Неговата научноистражувачка активност претставува значаен сегмент од неговиот целокупен професионален и академски развој, особено во контекст на поврзувањето на теоретските сознанија со практичните искуства стекнати во текот на професионалната кариера. Дополнително, м-р Владимир Грујовски активно учествува на повеќе научни конференции и стручни обуки, со што континуирано ги надградува своите знаења и компетенции и придонесува кон развојот на својата научна и стручна профилираност.

М-р Владимир Грујовски од 2008 година, е член на Македонско здружение за маркетинг – "Маркетинг".

Листа од објавени трудови, обуки, конференции

- Knowledge International Journal, THE IMPACT OF AI ON PERSONALIZED CONTENT MARKETING, Knowledge International Journal, Knowledge International 2025 Journal 69(1):53-59
- Journal of Economics, Preferring e-commerce and its markets through the role of sponsored promotion of private labels in Republic of North Macedonia, Универзитет Гоце Делчев – 2025, ISSN 1857-9973
- Journal of Economics, Robots as a catalyst for Marketing automation: Potential and limitations, Универзитет Гоце Делчев – 2025, ISSN 1857-9973

- Четиринаесетта меѓународна научна конференција – 2023, Меѓународен дијалог исток запад, МСУ – Меѓународен Славјански Универзитет, Меѓународна, УДК број 658.626:[658.8:005.21
- Сертификат за учество на меѓународна конференција за маркетинг, Marketing kingdom Skopje, 2016
- Уверение за учество на трета меѓународна научна конференција со труд на тема "Практични искуства и развивање на идеи за улогата на маркетингот во бизнисот" Македонско здружение за маркетинг "Маркетинг" – Скопје и Европски Универзитет Република Македонија, 2016 година (ISSN: 1857-9787)
- Уверение за учество на трета меѓународна научна конференција со труд на тема "Паметно таргетирање (Паметен маркетинг) – илузија или реалност" Македонско здружение за маркетинг "Маркетинг" – Скопје и Европски Универзитет Република Македонија, 2016 година (ISSN: 1857-9787)
- Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција со труд на тема "Алокација на човековите ресурси во маркетинг секторот (менаџирање, нови маркетинг трендови и успеси), " Македонско здружение за маркетинг "Маркетинг" – Скопје и Европски Универзитет Република Македонија, 2015 година (ISSN: 1857-9795)
- Сертификат за учество на Меѓународна научна конференција со труд на тема "Улогата на медиумите во промоцијата на производите и услугите", Македонско здружение за маркетинг "Маркетинг" – Скопје и Европски Универзитет Република Македонија, 2012 година (ISBN: 978-608-4691-01-3)
- Сертификат за комуникациски вештини, USAID, 2009 година
- Сертификат за обука "Како да започнам соптвен бизнис", Машински факултет Скопје и Центар за развој на нови бизниси при УКИМ, 2007 година

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на претходната анализа на биографијата, професионалниот развој и постигнатите резултати во областа на стручната, научната и истражувачката работа на м-р Владимир Грујовски, како и врз основа на прегледот на неговите објавени и рецензирани научни и стручни трудови, може да се заклучи дека кандидатот бележи континуиран и успешен напредок во научно-стручната сфера. Презентираните научни и стручни резултати ја потврдуваат неговата посветеност, стручност и професионалност. Согласно наведените факти и согледувања, Рецензентската комисија изразува особено задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за економски науки при Европскиот универзитет Скопје да го избере м-р Владимир Грујовски во соработничко звање - **АСИСТЕНТ** во областа „Маркетинг“ (5.02.00.05 - Фраскатиева класификација).

РЕЦЕНЗИОНА КОМИСИЈА

1. **Проф. д-р Билјана Андреска – Богдановска – претседател**

2. **Проф. д-р Ленче Петреска – член**

3. **Проф. д-р Ристе Темјановски – член**